Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот бр.02-3376/4 од 27.07.2017 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје бр.02-295 од 29.06.2017 година, со дополнување бр.02-295 од 18.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-тата седница одржана на 27.07.2017 година донесе:

## ОДЛУКА

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и тоа:

1.1 за иступување на физичкото лице:
- Вања Гавриловски,

1.2. за пристапување на физичкото лице:
- Емил Стојменов, со

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија" бр.171/14), со Известување за промена на сопственичката структура бр.02-295 од 29.06.2017 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје. По повод доставената Информација за некомплетно Известување за промена на сопственичка структура (бр.02-295 од 12.07.2017 година) од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје на 18.07.2017 година го комплетираше Известувањето за промена на сопственичката структура (бр.02-295 од 29.06.2017 година).

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура бр.02-295 од 29.06.2017 година, со дополнување од 18.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.**02-295
28.07. **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.